Струмица – советување: 06, јуни, 2023

Тема: Библиотеките темел на писменоста

автор: м-р Моника Талеска (библиотекар)

– директор на ЈОУ Градска библиотека „Борка Талески“- Прилеп

# Тема: Библиотеката „Борка Талески“ центар на писменоста и културата во Прилеп од основањето до денес

## Апстракт

Библиотеките секогаш биле камен-темелник на постоењето на заедниците, ризници на знаење, храмови на културата, центри на информациите во кои се создавала и негувала писменоста. Во време на дигитална револуција, не се губи нивната вредност, значење, улога. Оттука императив на современиците, особено оние кои работат во овие установи, е да ја афирмираат улогата на библиотеките во процесот на стимулирање и развој на писменоста кај сите граѓани, најмногу кај младите генерации. Низ призмата на овој труд, којшто во својот фокус ја има работата на библиотеката „Борка Талески“ во Прилеп, ќе ги презентирам начините на кои оваа установа била, и во моментов е, темел на писменоста во заедницата во која дејствува полни 78 години. Ќе ги презентирам активностите, мисијата, визијата и развојот на установата, кои се во насока на промовирање полесен пристап до книги, поттикнување љубов кон читањето, обезбедување ресурси за доживотно учење и негување чувство за заедница.

## Историјат на библиотеката

Основите на библиотечното работење во Прилеп, датираат уште од 1858 година, кога Јордан Хаџи Константинов – Џинот, учителствувал во првото основно градско читалиште. Во тој период, поточно 1867 г. во Прилеп е отворено првото народно читалиште „Надежда“ со околу 1000 книги. Во 1920 година, напредните прилепчани, интелектуалци отвориле читалиште кај т.н. „Чакмак одаја” исклучиво со напредна литература. А, веќе во третата деценија на 20 век формирана е и „Народна библиотека“ во состав на „Народниот дом“. Постоеле и неколку други библиотеки. Некои од нив функционирале илегално, а млади прилепчани ја снабдувале со литература. Во 1941 година бугарските окупаторски власти во Прилеп се обиделе да воспостават своја власт врз читалиштето „Надежда“. Предложиле свои приврзаници кои ќе работат и ќе раководат со читалиштето. Граѓаните се спротивставиле на овој обид. Организирале народен собир на којшто барале сами да раководат со читалиштето. Пред насобраниот народ, младиот студент по медицина, Борка Талески авангарден со своите идеи, одржал говор. Тој гласно побарал, читалиштето да се преименува и да го носи името „Гоце Делчев“, а со библиотеката да раководат, прилепчани, „овдешни луѓе“. Токму поради ваквите заложби на Борка Талески, талентиран, едуциран и за книжевност, библиотеката и денес го носи неговото име. Библиотекарството во Прилеп својот развој го доживува по завршувањето на војната. Прв пишан документ од кој се дознава дека во градот е формирана библиотека како правен субјект е писмото со потпис од тогашниот управител, Димче Најчески, упатено до Околискиот просветен одбор во Битола. Во писмото, меѓу другото стои дека наскоро ќе почне акција за собирање доброволен прилог за книги. Писмото е датирано на 22 октомври 1945 год, и овој ден се смета за ден на основање на библиотеката „Борка Талески“. Во 1984 година на „11 Октомври“- Денот на народното востание на македонскиот народ, градската библиотека свечено почнува со работа, во нови простории во блокот „Ц“ на домот на културата „Марко Цепенков“, каде што функционира до денес. Денес располага со над 120.000 книжни единици и над 4000 редовни читатели, бројка која добива на значење компарирана со околу 37.000 вкупен број членувања од статистиката што се води на национално ниво за 17 национални и општински библиотеки.

## Повиско ниво на писменост и култура на читачката јавност

Установата во своите два оддела: за деца и возрасни зајмува литература за своите читатели, и нуди можност за користење на литературата во

својата читална. Членството има изразен однос кон книгата, особено во одделот за возрасни. Но, со цел да се поттикнат процесите и мотивираат и инспирираат децата од претшколска и школска возраст, а потоа и учениците во средно училиште се организираат конкурси, натпревари, средби со автори, посети на установата, гостување на библиотекарите во училиштата и промовирање на поволностите за зачленување во соработка со училиштните библиотекари. Сите овие активности придонесоа и ќе придонесат и во иднина, да се стекнуваат навики, а книгата да биде близок пријател на децата и младите.

Во рамки на програмските активности се реализираат континуирано одбележувања на значајни датуми посветени на истакнати културни дејци: писатели, историски личности, автори ... со цел да се подигне нивото на култура на аудиториумот. Сите овие настани имаат за цел и афирмација на македонскиот јазик, така што соговорници на сите случувања се истакнати кутурни работници, академици, научници, професори ... кои оставиле печат во македонското општество и како културни авторитети пренесуваат знаење, умеење, искуство на младите генерации.

Библиотеката организира трибини на одредени теми, кои се во насока на стимулирање на основците и средношколците за што полесен избор на професија и институција за нивна натамошна едукација.

Фокусот на установата освен во одбележување на значајни датуми и личности од нашата историја и култура, негување на традицијата, обичаите и придобивките, е и во насока на канализирана поддршка на младите роднокрајни автори. Така што им се нуди на сите автори во определени термини, два пати во годината, бесплатно да ги промовираат своите дела во установата. Се врши откуп на одреден број нивни книги, кои ќе го збогатат роднокрајниот оддел.

## Писменоста е незапирлив процес

Заложбите на библиотеката се да гради и создава вредности, оттука таа негува и своја издавачка дејност (50 - ина дела се досега издадени). Вработени стручни кадри издаваат научни трудови, книги, монографии, каталози и други дела со кои се бележи хрониката за Прилеп, во сите негови сегменти. Едновремено библиотеката објавува и конкурс за роднокрајните автори, па според оценка на стручна комисија, се издаваат збирки на песни и раскази, со што се настојува да се подигнува и нивото на творештвото на новите генерации, веќе потврдени автори и аматери кои прават обиди за книжевен израз.

Установата перманентно соработува со училишта, универзитети, факултети, со институти, со бизнис секторот, со НВО, други граѓански здруженија,општини, амбасади... Со свои напори го збогатува книжниот фонд, роднокрајната збирка (3000) и особено раритетната збирка (околу 1000 дела од нив 200 со посебна важност). Овие поставки континуирано се надградуваат. Раритетната збирка и со откуп на книги од физички лица, со купување литература од странство, со донации од истакнати автори и нивни семејства. Само еден пример, годинава, раритетната збирка е збогатена со биста од Коле Чашуле, изработена во бронза, чиј автор е академик Томе Серафимовски. Бистата е донација за библиотеката од МТФ „Војдан Чернодрински", поточно до сопругата на Чашуле, проф. д-р Јелена Лужина. Заложбите за збогатување на оваа поставка со нови експонати продолжуваат.

Установата последниве 4 години успеа да создаде и четири трајни изложбени поставки. Од нив една поставка фотографии е посветена на старите занаети во прилепската чаршија, кои изумираат. Втората поставка е со раритетни книги, третата ја раскажува приказната за Прилеп, низ некогашниот неделник „Народен Глас", којшто прекина да се печати пред речиси 2 децении. Последната трајна поставка на библиотеката ја чинат уметнички дела на прилепски автори, сликари од современата генерација. Оваа поставка прва во градот ќе биде наскоро промовирана. Тенденцијата на раководството на установата, е библиотеката контиунирано да создава вредности и да биде репрезент на книжевноста, уметноста и културата во вистинска смисла на зборот. Бидејќи писменоста не подразбира само познавање на азбуката и читање, туку писменоста во смисла на препознавање на вистинските вредности, првенствено кои се карактеристика на градот и државата.

**Библиотеката дејствува како центар на заедницата, поттикнувајќи врски и создавајќи чувство на припадност. Таа служат како место за собирање каде поединци од различно потекло можат да се соберат, да комуницираат и да разменуваат идеи. Се планира клубов за книги, клуб за читање, сесии за раскажување приказни и други настани, така поттикнува социјален ангажман и дијалог. Со промовирање на интеракцијата и соработката, библиотеката ја подобрува писменоста преку поттикнување на размена на знаења и различни перспективи.**

## Кадровски, технички и финансиски дефицит

Програмските активности на установата се реализираат, но секоја година со сѐ поголем напор, бидејќи евидентен е кадровскиот, технички, финансиски и просторен дефицит. Бројот на вработените се намалува, наместо да расте, согласно со подготвениот Правилник за систематизација на работни места од 2020 година (50 работни места-развојна систематизација), и согласно со Функционалната анализа, два акта во кои е акцентирана потребата од нови вработувања. Министерството за култура досега не даде согласност за нови вработувања, иако само годинава се пензионираат 3 библиотекари (еден библиотекар советник и две виши библиотекарки).

Кадровскиот дефицит се рефлектира врз обемот на активности. Идејноста и креативноста на стручните кадри и раководството доживува реализација, но со голем напор. До крајот на годинава во установата ќе останат 11 вработени. Стручната служба ќе ја чинат 4 библиотекарски помошници и 1 самостоен библиотекарски помошник, во делот зајмување, 1 административен работник (архивар) и 4 помошно-технички кадри. Оваа кадровска поставеност доволно зборува сама за себе, дека не може ниту од аспект на квалитет, ниту на обем на програмските активности, да ги задоволи потребите на читателите, на културната јавност во град и општина со 70.000 - ина илајди жители.

Техничката опременост е клучна во овие современи услови за живот. И на овој план интензивно се работи последниве 2-3 години. Но, сепак недостига опрема која ќе го следи последниот „збор“ во техниката која што е клучна за работата на современите урбани библиотеки, кои по дефиниција треба да бидат центри на информирање и култура во заедницата, кои треба да располагаат со „смарт полици“, во „книгомати“, за зајамување, но и враќање на литература...

Библиотеката располага со над 1000м2 простор, но, без адекватна организациска поставеност. Новите проекти за реконструкција, преадаптација стојат во фиока речиси 4 години, од доаѓањето на актуелното раководство, поради непрофесионалната и отежната релација: Библиотека – Министерство за култура - Општина Прилеп. Општината не дозволува реализација на проектите, без полномошно и согласност од сопственикот на објектот (државата) кој е даден на трајно користење на библиотеката, согласно со член 97 од Законот за градење. Министерството за култура се оградува и огласува за ненадлежно,ја префрла топката на другите министерства, Влада, владини тела итн.

Сите институции само ја продолжуваат траекторијата за една толку едноставна и неопходна активност: заштита на установата, а со тоа заштита на поставките, колку трајните, толку и на целиот книжен фонд. Оваа рашомонијада на преписки која го достигна бројот 20, говори за третманот на библиотеките во современи услови во современото македонско општество, кое очигледно постојано е инфицирано со „вирусот на транзиција“.

Финансиите се последни, а во суштина први. Без современа техника, без доволен број вработени, без адекватно опремен простор, за што се потребни пари ... буџетски средства, невозможно е да говориме за напредок на библиотеките и библиотекарството.

## Заклучок

**Библиотеката во Прилеп, и покрај техничко-технолошката револуција, а од друга страна евидентните кадровски, просторни и финансиски проблеми, ќе остане центар на писменост, култура и информации во својата заедница. При тоа ќе ја извршува својата есенцијална задача и во ова современо општество, како темел на писменоста во градот и општината. Императиви за библиотеката остануваат: обезбедување на полесен пристап до литературата и поттикнување љубов на децата и младите кон учењето и книгата. Библиотеката е витален ресурс за секој кој сака да ги развие своите вештини за описменување и таа и натаму ќе игра клучна улога во промовирање на писменоста за сите граѓани. На листата императиви ќе останат обврските на установата за подобрување на сите услови за нејзин непречен натамошен развој, со премостување на актуелните пречки во работењето. Нејзина единствена цел, да го задржи приматот во заедницата на установа-темел на писменоста, културата и информирањето. Ова е впрочем нејзина мисија. Визијата на установата е да биде современа установа, опремена и кадровски екипирана, со просторен раскош со кој ќе ги понуди и задоволи сите потреби за културен живот, на децата, учениците, младите, возрасните граѓани и пензионерите.**

**Без сензибилизација и поддршка од стејкхолдерите (Општина, Министерство за култура, читатели, бизнис сектор), библиотеките кои се вековни чувари на писменоста, културата, историјата, на македонскиот архетип, и македонското книжно и некнижно наследство, ќе се сведат на шалтери каде се зајмуваат книги за одредена сума. Да не го дозволиме тоа! Да ја шириме љубовта за овие магични простори, кои инспираат и кои ја негуваат љубовта кон читањето! Да се залагаме заедно библиотеките да останат светилишта на универзалниот ум преточен во збор, да го дадеме придонесот за развој на критичкото размислување и имагинација. Да ги оствариме задачите: да расте фондот на дигитални бази на податоци, е-книги, аудио книги, списанија, весници и едукативни материјали.**

**Библиотеката**
**„Борка Талески“ - центар на писменоста и културата во Прилеп**



## Краток историјат

- Народно читалиште „Надежда“ 1867
- Народна библиотека „Борка Талески“ – Прилеп, 22 октомври, 1945 (1000 книги)
- ЈОУ Градска библиотека „Борка Талески“-Прилеп над 120.000 библиотечни единици

## Библиотеката – центар на информации

- 4000 членови (оддел за деца и возрасни, читална)
- на 4 - то место според број на зајмувања и членувања во 2022





## Активности со кои се подигнува нивото на писменоста и културата

- Конкурси и натпревари
- Одбележувања
- Трибини





## Писменоста е незапирлив процес на знаење

- ❑ Промоции
- ❑ Одбележувања
- ❑ Дебати на стручни и научни теми





## Писменоста е незапирлив процес на знаење




- ❑ Соработка со институции

(училишта, компании, старски домови, факултети, институти, унивезитети

- ❑ Сопствена издавачка дејност (преку 50 дела)
- ❑ Негување на Роднокрајна поставка (над 3000)
- ❑ Негување на Раритетна поставка (околу 1000)



## Ресурси

- Кадровски неекипирани (13 вработени од нив 4 помошно-технички персонал)
- Технички недоволно неопремени
- Финансиски кусок
- Недостиг на простор

## Планови и перспективи

Стејкхолдери

- Општина
- Министерство
- Бизнис сектор
- Читатели

## Планови и перспективи

БЕЗ ПОДДРШКА НА ЗАЕДНИЦАТА И СЕНЗИБИЛИТЕТ НА ИНСТИТУЦИИТЕ БИБЛИОТЕКАТА НЕ Е ОДРЖЛИВА!

ЗА ПИСМЕНОСТ И НАУКА, ТРЕБА СЛУХ И ПАРИ!

---

м-р Моника Талеска

Струмица, 06, јуни, 2023

БИБЛИОТЕКА
"БОРКА ТАЛЕСКИ" - ПРИЛЕП

**Тања Гошева, советник библиотекар**

**ЛУБ„Благој Јанков Мучето “Струмица**

## БИБЛИОТЕКАТА ТЕМЕЛ НА ПИСМЕНОСТА- ПРАКТИКА ВО РОДНОКРАЈНИОТ ОДДЕЛ. КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО-МОСТ МЕЃУ МИНАТОТО, СЕГАШНОСТА И ИДНИНАТА

**-Без јазик си никој и ништо. Родниот јазик е бисерен ѓердан од зборови-плодови сочни, мислите тие ти ги редат во слики јасни и точни. Тој е вруток непресушен,вечен, низ бистри капки-зборови тече. Жубори, клокоти, ѕвони, се лее ко јасна ѕвезда секој збор грее. Тој ни е завет од дедовците како тланикот на огништето. Чувај го како црнка во очите--без јазик си никој и ништо. Видое Подгорец**

Храмот на пишаниот збор библиотека е место кое ги сплотува вљубениците на книгите кои ги одмараат, релаксираат, но и од кои учат: Книгата пред се е буквар на знаење, викепедија на сето она кое што е внесено. Но, да не заборавиме дека посетувајќи ја библиотеката се стекнува со ширина, големина, длабочина на знаење кое останува трајно за паметење. Секојдневно, добро утро, добар ден е нешто што во ова време исполнува со емоции, чувства на убав збор. Дојдов да си позајмам книга тоа ми ја исполнува душата: „ велат нашите читатели кога ќе се сретнеме во институцијата која блика од убавини на зборови, предлози на наслови и многу материјали за изучување на сето она кој некој го прима како дар . А, читателот тоа и го бара, нов наслов на книга, наслов на книга од струмички автор.  Кочо Урдин, најстарата негова книга Пошумувањето и СРЗ – прирачник за пошумувањето, од 1950 год што ќе ве однесе на убави места на убавите настани. Информација за позитивни случки, во денешно време, невреме. Но, да не заборавиме тоа што стално го потенцираме кога доаѓаат да не посетат групно деца од градинка, ученици од основните и средните училишта им велиме: ,,Книгата е највeрниот другар, била и останува”.

Роднокрајното одделение во Локалната установа библиотека ,,Благој Јанков Мучето” Струмица е формирано 1980 год., додека во 1985 година е формиран каталогот на роднокрајниот фонд (од обработените статии во весникот „Нова Македонија“ од 1972-1985 година). Прв вршител на дејноста во роднокрајниот оддел

е Сава Самаракова, а од 1993 година работи Тања Гошева, библиотекар- советник. Одделот на роднокрајни автори се однесува на секој кој творел за Струмица, струмичанец, но и творец кој престојувал во Струмица и пишува за Струмица. Тоа значи секој автор кој дал и најмал придонес, а такви ги има голем број. Во витрините на роднокрајниот оддел има збир од над 900 монографски публикации. До ден денес во овој оддел се прибира материјал од роднокрајни автори, но тој книжен материјал не се издава, туку се чува во библиотеката. Или едноставно како архивска граѓа може да се дозволи да се истражува, да се користи само во читалната на библиотеката но под надзор. Роднокрајниот фонд во текот на годините постојано се збогатува со нови наслови. Факт е дека во Струмица на ниво на творештво се работи многу, сите институции се тука да дадат значај на едно културно секојдневие. Факт е дека библиотеката се појавува како издавач на роднокрајни книги 88 пати. Тука се наоѓаат и примероци од некнижен библиотечен материјал: покани, постери, каталози, плакати и др. тн. дробен печат .

Овој оддел и ќе продолжи со надополнување на веќе постојната збирка и тоа:

-Збирка на редок библиотечен материјал во којашто се евидентирани
549 ретки книги од 18, 19 до средината на 20 век;

- Магистерски и докторски дисертации на роднокрајни автори.

Од постојниот фонд во електронскиот каталог се внесени скоро сите наслови. Наслови кои се превземени од базата COBISS, дополнети со локални податоци за да може да им бидат достапни на читателите. Станува збор за публикуван материјал што според авторството или содржината, му припаѓа на роднокрајниот оддел. Насловите се обработени според нормативите на системот. Во роднокрајниот оддел посебно внимание се посветува на роднокрајната збирка и се настојува постојано да се надополнува, преку комуникации со бројни автори.

**“Биографија на значајни личности од Струмица и струмичко** “ е проектот од страна на Локална установа библиотека „Благој Јанков Мучето”Струмица, за кој Тања Гошева, советник-библиотекар во јануари минатата 2022 година на FACE BOOK денот се започнуваше со: **На денешен ден е роден**. Несомнено богатство на струмички автори од сите области на авторство. Затапени над 450 биографии на лица кои се докажани во својата фела, истражувања кои вредеа да се објават. Застапени личности од 1885 година, лица кои дале допринос: револуционери, претседател, премиер, пратеници, адвокати, економисти, правници, лекари, инженери, уметници, успешни автори, творци во разни значајни области од струмичкото поднебје. Значајно Национално творештво. Сите кои се истражувани имаат големи значајни

остварувања. Вредно за Струмица но и значајни биографии на граѓани од Р.С.Македонија кои живеат и творат во Р.С. Македонија но и надвор од државата. Нивната заложба е голема и треба да се знае, дека сите тие оставиле и ден денес оставаат големи значајни трудови за зголемување на нашето културно наследство. За секој од нив со респект може да се каже само големо БРАВО. Не треба да се запостави, тоа што го работеле, работат. Врвот на една голема успешна заложба за генерациите што доагаат. Истражувањето е со особен белег на сето она за кое ние со децении се залагаме. Да се докаже и увиди вредноста на нашите успешни автори, пред се личности кои го даваат максимумот од себе. Голем придонес со еден збор врвните успеси кои се постигнати и постигнуваат, а за тоа се дава преубав допринес до сите нив.

Највозвишено, екслузивно, е да се прочитаат биографиите на успешните струмичани кои со многу љубов ја работат работата која ги прави големи, со еден збор успешни.

Но, успешни и поради фактот дека го работат тоа што го сакаат, го работат она за што се докажуваат сами но и областа во која творат.

Со возвишеност го истражував секој автор, но секој кој вреди да се стави во книгата на успешни, давајќи им можност да се дознае се она кое тие го твореле, работеле, делувале и успевале да ја докажат доблеста дека само со труд и залагање се доаѓа до вистината. **“Биографија на значајни личности од Струмица и струмичко”** е проект за творештвото на вредните, амбициозни твоци личности кои даваат се од себе. Голема чест и задоволство е да се истражува нешто навистина вредно, кое остава голем белег за културното наследство во Р.С.Македонија. Истражувањето е долг процес се работи долго. Материјалите се собираат, но пред се тука се и контактите и со авторите на книгите, творештвата од каде што се добиваат превземани но и надополнувани биографиите, за кои сме им благодарни на соработката. Идејата беше да докажеме дека богатството на успешните го вреднуваме, чуваме, негуваме, презентираме. Останува и понатаму да се истражуваат нови значајни и истакнати роднокрајни автори, кои ќе претставуваат КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО-МОСТ МЕЃУ МИНАТОТО, СЕГАШНОСТА И ИДНИНАТА.

**„Библиотеката темел на писменоста“**

**Нови практики спроведени во Библиотеката**

**м-р Аница Глигорова Милева, библиотекар-советник**

**м-р Гонца Запрова Анастасова, виш библиотекар**

**ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ Струмица**

**Република Северна Македонија**

## Вовед

Охрабрени од секојдневните потреби за подобрување на услугите во Библиотеката, решивме да имплементираме нови практики во библиотечното работење, кои се секојдневие во работењето на библиотеките во Европските држави. Потребата од имплементирање на тие иновативни практики посебно ја почуствувавме како созреана во периодот кога се соочувавме со страв и отсуство на физичка комуникација – времето на изолираност поради корона вирусот. Затоа, почнавме да истражуваме нови начини како да ја одржуваме комуникацијата со нашите читатели, а притоа да стекнуваме и нови.

За таа цел започнавме со читање приказни за деца, промовирање нови наслови на книги, направивме 3D виртуелна прошетка низ Библиотеката и ги стававме на нашата веб-страница, на нашиот You Tube канал и на официјалната Facebook страна. Добивме позитивни коментари од нашите корисници што не поттикнаа да продолжиме да спроведуваме нови форми на работа, односно нови практики за кои ќе зборуваме сега.

## Библиотерапија

Поради постојаното зголемување на количината и интензитетот на стресогените, како и експоненцијално зголемениот обем на информации, - современиот човек е подложен на исклучително високо психолошко и информациско преоптоварување. Сè повеќе и повеќе ресурсите се распределуваат, за да се генерираат иновативни пристапи за минимизирање на негативните последици од стресот. Во исто време, се пропушта еден добро познат факт - читањето ја намалува психичката напнатост.

Процесот на читање ја докажал својата ефикасност над психичкиот статус на луѓето подложни на стрес, без разлика дали тоа е предизвикано под влијание на хронични фактори, или од специфични (кризни) ситуации.





По неколку неуспешни обиди, конечно успеавме да одиме на стручно усовршување во Стара Загора, Република Бугарија на курс за консултанти по библиотерапија I дел – 2022 година и II дел обука во Ќустендил – 2023 година.



Библиотерапијата е наменета за сите на кои им е потребна поддршка во надминување на конкретни животни ситуации или лични кризи. Преку услугата **„Средба со консултант по библиотерапија“** читателите добиваат посебно внимание, доволно време да го споделат проблемот што ги загрижува, доверливост при разговор и книга избрана лично за нив.

**Библиотерапијата нова практика спроведена во работата на библиотеката**

Библиотерапијата како форма на поддржување на психотерапијата или приспособување на конкретни литературни дела кон терапевтскиот процес, најчесто се спроведува индивидуално, но многу нејзини форми се практикуваат и во група.

**Нашата прва спроведена консултација по библиотерапија беше групна библиотерапија, во Домот за стари лица „Отворено срце“ комплекс Цареви кули.**

- Во прилог ќе приложиме кратка анализа од начинот на спроведената библиотерапија со луѓе од третата доба.

Откако меѓусебно се запознавме, предложивме да зборуваме без формалности за да создадеме пријатна атмосфера, зашто целта е, читателот, а во овој случај групата, да се опушти и да се подготви за вистински разговор.

Целната група се штитеници од Домот за стари лица „Отворено срце“ комплекс Цареви кули.

Групата е составена од 30 лица, на возраст од 70-77 години.

За да го постигнеме библиотерапевтскиот ефект, се обидовме да ги заинтрегираме уште на самиот почеток. Откако кратко ги воведовме во темата на книгата и авторот, следеа читања на делови од книгата. После читањето следеше дискусија насочена како кон содржината на литературното дело, така и кон субјективните преживувања на читателот - емоции, чувства, асоцијации, мисли, заклучоци.

Фокусот на групната библиотерапија беше поставен преку метафорите, расказите, репортажите и приказните на роднокрајниот автор Бранко Бјадов, како средство за социјално и емоционално навраќање во спомените на детството, во долината на битисувањето, во младоста, во обичаите, во празнувањето... преку читање на книгата „Патникот од долината“.





**„Групна библиотерапија за возрасни** – лица од трета доба“ активно беше спроведена и во Домот за стари лица „Астреон“, с. Банско.

Групата беше составена од 35 лица, на возраст од 65-94 години.

Фокусот на групната библиотерапија и овој пат беше поставен преку метафорите, расказите, репортажите и приказните на роднокрајниот автор Бранко Бјадов.

Работата со оваа целна група ги надмина нашите очекувања, а средбата ја завршивме со стари македонски песни од нивната младост (музикотерапија).



Иницијативата која ја започна ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ Струмица под мотото „Групна библиотерапија за возрасни – лица од трета доба“ активно беше спроведена и во Домот за стари лица „Свети Јован“, Струмица.






Освен работа со лица од трета доба – библиотерапија, имавме неколку работилници со деца.

**„Приказни со среќен крај“**

Тема: „Палешка“ од Ханс Кристијан Андерсен

Група: училишна паралелка од ОУ „Видое Подгорец“ Струмица, III одд. со наставничката Соња Цицимова.

Додека ја читавме приказната, ја користевме техниката **„застани со читање“**, зашто целта ни беше да ја испровоцираме фантазијата кај децата.

Техниката **„застани со читање“** е многу важна техника во процесот на библиотерапијата, а се прави пред да биде завршена мислата на авторот. На тој начин читателот ќе се обиде да ја претчуствува логиката на авторот, за наместо него тој да го заврши дејствието. Во овој случај учениците дадоа предлози за развојот на настаните во приказната, како и за нејзиниот крај.

Од приказната ја извлековме поуката дека **„Сите сме убави на свој начин“**, а тоа го констатиравме од моментот кога Палешка е оставена од мајскиот бумбар, кој откако го анализирал девојчето по сугестија на останатите мајски бумбари, сфатил дека таа има само две нозе, нема пипала, многу е слаба, па на крај ѝ рекол дека е многу грда и ја спуштил на земјата на цвет од камилица.





Со оваа целна група се спроведе и арт терапија, преку која учениците ги изразија своите чувства и мисли, во вид на цртеж.

### Book Club

Во соработка со Europe House Струмица и Библиотеката во март се организира **Book Club – за промоција на читањето.**

Групна библиотерапија со 25 млади на возраст до 30 години.

Тема: "Којцерова соната" од Лав Николаевич Толстој, насловена според истоименото дело на Лудвиг ван Бетовен.

Фокусот на групната библиотерапија беше поставен на повеќе поттеми кои произлегуваат од повеста на Толстој: за жената и нејзиното место во општеството, за институцијата брак и семејство, за лицемерието, за сомнежот кој, како главен мотив се проткајува во целата повест.







Во месец мај одржавме уште едно книжевно дружење, во Библиотеката, со младата писателка Рената Атанасова. Помеѓу полните полици со книги, во тивка и пријатна атмосфера низ дискусија и разговор се запознаеме со прекрасното дело на Марко Семов, "Цената".



**еТвининг – Експресивна книга**

Од 30.3.2023 година., се вклучивме во Меѓународниот проект еТвининг Експресивна книга.

Овој проект започна од февруари и траеше до јуни 2023 година. Лидерите и партнерите на проектот за време на работилниците ја имплементираа техниката арт терапија. Бидејќи уметничката терапија е медиум кој вклучува повеќе елементи како сликање, цртање, моделирање, игра, танц, движење, говор на телото, глас, музика, фотографија, играње улоги, различни проективни техники, во текот на овој проект се

обидовме да ги поврземе сите овие елементи со детска книга или сликовница која или се занимава со емоции или, во случај да не се занимава со емоции, се обидовме да ги поврземе книгите или сликовниците со емоциите. Проектот е наменет за библиотекари, одделенски и предметни наставници и секако ученици. Партнерите кои учествуваа во проектот се јавни и училишни библиотеки, самостојно избираат книга/сликовница која зборува за емоции или која може да ја поврзат со емоции за време или на крајот на работилницата.

За време на работилниците, користиме техники на арт терапија, библиотерапија, музикотерапија, а на крајот од секоја работилница спроведена во месецот, ја објавуваме на TwinSpace и Padlet. Покрај краткиот опис на активноста, на споменатите страници се објавуваат фотографии, опис на работилниците и линк кој води до активноста што е спроведена тој месец.

Проект-менаџерите самостојно поставуваат активности на веб-страницата Expressive Book. Многу е важно луѓето кои учествуваат во проектот редовно да прикачуваат фотографии, опис на работилниците и линк кој води до дадената активност во месецот, бидејќи секој месец има различна активност.

Како резултат на целиот проект, ќе се издаде е-прирачник наречен Уметничка терапија во книги за деца. Прирачникот ќе содржи опис на активностите што беа спроведени од февруари до јуни и фотографии.

Носители на проектот Експресивна книга од нашата библиотеката се: м-р Аница Глигорова Милева, библиотекар-советник и м-р Гонца Запрова Анастасова, виш библиотекар.

Во прилог доставуваме објаснување и фотографии од работилниците:

**Работилница во месец (февруари)**

**Кога го работам тоа што го сакам, јас сум среќен/среќна**

Библиотеката „Благој Јанков Мучето“ Струмица, во соработка со ООУ „Никола Вапцаров“ Струмица и одделенскиот наставник Наташа Атанасова оддржавме работилница на тема „Поттикнување на културата на читање“, преку обработка на лектирата за второ одделение „Зоки Поки“ од Оливера Николова.

Покрај поттикнувањето на културата на читање со оваа активност, што во крајна линија е и суштината на оваа работилница, сакавме да им покажеме на учениците дека преку ликовна терапија, сликовници и книги, доаѓаме до емоции кои се важен патоказ во нашиот живот.

Резултат од работилницата - среќата и задоволството се кријат во малите нешта.







**Работилница во месец (март)**

**Правам добри дела и се чувствувам добро**

Постарите им читаат на помладите или помладите им читаат на постарите.

На оваа работилница учествуваа ученици од Подрачното училиште „Маршал Тито“ с. Банско со наставничката Верка Урдовска. Тие направија избор од книгата „Класични приказни“ и им читаа на лицата од третата доба во Домот за стари лица „Астреон“, с. Банско.

Од оваа активност имаше за цел да се постигнат две работи: соработка со локалната заедница и поттикнување на децата да читаат и да вежбат читање.



**Работилница во месец (април)**

**Ги рециклирам моите емоции - работилници за рециклирање**

Од активноста спроведена во април, целта беше да се поттикне љубов кон книгите, активизам и посочување на широк спектар на емоции.

На работилницата учествуваа ученици од четврто одделение од „Никола Вапцаров“ ООУ Струмица, со наставничката Билјана Гунова. - На работилницата се читаше сликовницата Волшебната капа - избор приказни од македонско народно творештво- приредувач проф. Ана Витанова Рингачева и сликовницата Танцот на природата од Ана Батева. Гостин на оваа работилница беше Цонка Јанкова, која не

научи на јапонската техника за плетење amigurumi. Целта на работилницата беше преку активностите кои ги спроведовме да ги поттикнеме учениците да ги сакаат книгите, активизмот за рециклирање и зачувување на животната средина, но и да покажат широк спектар на емоции. Препознавањето на емоциите може да се спореди со рециклирањето на негативните емоции да се претворат во позитивни.







**Работилница во месец (мај)**

**Мојот свет е обоен - драматизација на сликовница/книга**

На работилницата зедоа учество ученици од VII одд. при ООУ „Кирил и Методиј“ – с. Иловица со наставничките Зорица Пармачка-Велински и Наташа Стоилкова и ученици од IV одд. при ООУ „Видое Подгорец“ - Струмица со наставничката Гордана Тилева. Користена книга на работилницата: драмата „Бегалка “ од Васил Иљоски. Учениците од ООУ „Кирил и Методиј“ – с. Иловица заедно со наставничките имаа подготвено драматизација која ја одиграа пред учениците од ООУ „Видое Подгорец“. Драматизацијата на книгата предизвика различни чувства кај ученици од пониските одделенија и тие тоа го нацртаа на хамер со боја која ги отсликува нивните доживеани емоции. Сите кажаа која боја им е омилена и зошто. Разговаравме за чувствата кои одредени бои ги предизвикуваат кај нас. После цртањето и учениците од IV одд. се обидоа сами да одиграат и да драматизираат дел од книгата „Бегалка“.

Во проектот еТвининг мораме да потенцираме дека во сите четири работилници промовиравме дела од македонски автори.







**Заклучок**

Од сѐ досега кажано можеме да заклучиме дека овие воведени нови практики во работењето на Библиотеката не се доволно исцрпени, но се носители на нови промени за подобрување на услугите, за приближување на Библиотеката до читателите и обратно, за зголемување на бројот на читатели, како и приближување кон институциите со сличен карактер во Европа.

# УЛОГАТА НА БИБЛИОТЕКАТА И ПРОФЕСИОНАЛНОСТА НА БИБЛИОТЕКАРОТ ВО НАСТАВАТА/ОБРАЗОВАНИЕТО

(стручен труд)

м-р Наташа Василевска-Трајчевска

ЛУБ „Благој Јанков Мучето“, Струмица

## 1. Вовед

Во овој стручен труд, ќе се осврнеме, накратко, на улогата на библиотеката и професионалноста на библиотекарот во наставно-образовниот процес. Целта на овој труд е да ставиме акцент на важноста на наставно-образовниот процес и професионалниот придонес на библиотекарот за ефективно и квалитетно стекнување знаења. Се разбира ќе дадеме кратко излагање и за улогата, важноста и функцијата на библиотеката во процесот на наставата/образованието. Ќе дадеме и наше мислење за некои прашања и предизвици на улогата на библиотеката во наставно-образовниот процес. Ќе се потрудиме, заедно, да дојдеме до заклучокот дека постоењето на библиотеките е благослов за нашето образование. Оваа студија е направена со собирање информации од веб-сајтови и од некои реномирани списанија, блогови, по случаен избор, и, најважно, се користи практичното искуство за да дојдеме до вистинскиот заклучок.

## 2. Што е образованието и зошто е потребно да се образуваме?

Образованието е процес на учење, стекнување знаења и вредности. Придонесува за развој на подобри луѓе ширум светот. Образованието е метод со кој луѓето добиваат информации, вештини и етика. Постои тесна линија помеѓу учењето и образованието. Учиме од сѐ на што ќе наидеме, од раѓање до смрт, а се образуваме во одреден момент од животот со дадено знаење. Нашето учење еволуира со личното искуство, кое не „носи“ правила, додека училиштата или универзитетите даваат образование врз основа на одредени стандарди. Стандардите се јасни цели што се потпираат на вештините и знаењата коишто мора да се стекнат. И покрај тоа што образованието има различни дефиниции, постои едно нешто што е признаено од

сите: нејзината важност! Има бесконечни причини зошто образованието е клучно. Има неограничени конотации и импликации. Еве една од „причините“ зошто е потребно образованието (а во денешно време, некој би кажал, можеби најважна)! Образованието секогаш обезбедувало почит од општеството. За да се обезбеди удобен начин на живот, луѓето треба да се едуцираат и да добијат добро платена работа за да бидат успешни и задоволни. Помага да се стекне подобра репутација во општеството и ги зголемува шансите за полесно и побрзо искачување на скалилата во кариерата. За возврат, обезбедува финансиски средства за стабилен живот - луѓето можат да си дозволат да купат сопствена куќа или стан и на тој начин да ја обезбедат среќата и успехот на своите деца. Понатаму, можноста да поседувате сопствен дом обезбедува стабилност и ја зголемува самодовербата. Тоа води кон создавање позитивна средина за семејствата и заедниците: „Децата на сопствениците на куќи имаат 116% поголема веројатност да завршат факултет отколку децата на изнајмувачи на иста возраст, раса и приход. Тие, исто така, имаат 25% поголема веројатност да завршат средно училиште и да имаат повисоки резултати по математика и читање, со помалку проблеми во однесувањето“, вели едно истражување на Универзитетот во Тенеси.[1]

## *3. Улогата на библиотекарот и библиотеката во процесот на квалитетна настава*

Според нас, за квалитетен наставен процес, потребни се педагошки вештини за правилно и квалитетно подучување и соодветни знаења и иновативни пристапи и практики за подобро ослободување на потенцијалот за учење кај децата.

Сметаме дека, библиотеката е столбот на сите образовни институции што обезбедуваат широк опсег и вистински тип на информациски ресурси, коишто им овозможуваат на образовните институции да генерираат исклучително снаодливи поединци што прогресивно ќе влијаат на националниот напредок.

Во поглед на квалитетната настава и улогата на библиотекарот во тој процес, сметаме дека следниве нешта се пресудни за уделот на библиотекарот и

[1] <https://habitatbroward.org/blog/benefits-of-education/> пристапено на: 1.4.2023.

библиотеката, заедно, во одвивањето на професионален наставно-образовен процес[2]:

**а. споделување ресурси**. Библиотеката, во улога на „сопственик“, поседува повеќе ресурси. Првенствено се мисли на физички ресурси како книги, периодични изданија, филмови, електронски бази на информации и податоци, графичка опрема, проектори, камери и слично. Сето тоа може и треба да се споделува со заедницата на корисници и баратели на услуги. Додека пак, библиотекарот е тој човечки ресурс што е неопходен за вршење повеќе активности за професионален наставно-образовен процес. Како на пример, одговарање на референтни прашања, обезбедување на библиографски инструкции, препорачување книги или филмови и учење на корисниците како да користат материјали. Потоа, библиотекарот врши и проактивни услуги што вклучуваат селективно ширење на информации до училишта, факултети, ученици и студенти, иницирање тематски настани, соработка со инструктори за планирање на наставата и воведување нови наставни методи и алатки.

**б. библиотеките имаат културна улога во зачувувањето и организирањето на артефакти и идеи.** Големите дела од литературата, уметноста и науката мора да бидат зачувани и да бидат достапни за идните ученици. Иако библиотеките традиционално се гледале како објекти за печатени артефакти, денес, библиотеките треба на основните и средните училиште да им служат и како музеи и лаборатории. Библиотеките ги зачувуваат предметите преку внимателни процедури за складирање, добро одредени политики за позајмување и употреба, и поправка и одржување според потребите. Освен зачувување, библиотеките, треба да обезбедуваат пристап до материјалите преку каталози и други помагала за наоѓање, што им овозможуваат на учениците да ги најдат податоците, соодветни за нивните потреби.

**в. библиотеките - социјален и интелектуален фактор во спојувањето на луѓето и идеите.** Библиотеките служат како центри за интердисциплинарност – места што се споделуваат од учениците од сите дисциплини. Библиотеките обезбедуваат физичко место за наставниците и учениците да се сретнат надвор од

---

[2] <https://www.edutopia.org/article/3-key-roles-school-librarians/> пристапено на: 1.4.2023.

структурата на училницата, со што им овозможува на луѓето со различни перспективи да комуницираат во простор на знаење што е помалку авторитативен и, се разбира, покреативен[3].

## *4. УЛОГАТА НА БИБЛИОТЕКАТА И ПРОФЕСИОНАЛНОСТА НА БИБЛИОТЕКАРОТ ВО НАСТАВАТА/ОБРАЗОВАНИЕТО*

Библиотеката обезбедува и промовира квалитетни активности за развивање на навиките и задоволството на учениците во читањето и збогатување на нивниот интелектуален, естетски и културен раст. Библиотеките, воедно, располагаат и со значителен број книги задолжени и за рекреација и забава. Не само што се труди да всади навика за читање, библиотеките се извор на збогатување на емоционалниот раст на единката.

Библиотеката е едукативен простор насочен кон промовирање на читањето, стекнување истражувачки вештини и иновации: образовна средина со која мора да управува квалификуван и посветен кадар, за да функционира со континуиран дијалог со: учениците и наставниците, пред сѐ, но и со родителите и со која било друга образовна фигура, за поддршка, за унапредување на процесите на настава и учење, за образовен успех и личен развој на учениците. Таа не треба да биде изолиран ентитет. Треба да ја одржува својата специфичност, но треба да спроведува соработка со културните структури на територијата, при подготовка на конкретни иницијативи, при планирањето на набавките на донации и алатки за унапредување на наставно-образовниот процес.

## *5. Улогата на ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ во наставата/образованието*

Нашата библиотека игра голема улога во процесот на образованието на нашата територија. Со оглед на тоа што станува збор за јавна установа од локален карактер, библиотеката го чува и организира човековото знаење со цел да го понуди на заедницата без разлика на нивното занимање, степен на образование, возраст, етничка, верска и друга определба.

---

[3] <https://ils.unc.edu/~march/cacm95/mainbody.html> пристапено на: 1.4.2023.

ЛУ Библиотека „Благој Јанков Мучето“, постојано организира посети на ученици, со цел истите да се дружат со книгата и да се запознаат со културата на читање. Се организираат поучни интерактивни работилници, поврзани со одредена тема, што нудат информации од образовен и забавен карактер во зависност од возраста на учениците. Со внимание се следи „Читачкиот клуб“, новина во нашата библиотека. Во социо-културен аспект, се става акцент на дружбата, дијалогот и можноста да се научат нови информации и да се збогати знаењето на младата популација. Се одвиваат проекти за поттикнување на културата на читање, преку обработка на лектири и сликовници и слично.

Библиотеката, во иднина, ќе се потруди, што е можно повеќе, да го олеснува неформалното образование на членовите на заедницата, да ги поддржува образовните, граѓанските и културните активности на поединци и групи, да овозможува слобода на изразување и развивање критички став кон одредени прашања кај младата популација, да промовира надарени и амбициозни ученици, да се ангажира за достапност на книгата до секое дете, и др.

## *6. Заклучок*

Заклучивме дека, библиотеката не е изолиран ентитет. Наставниот кадар со вработените од библиотеките, мора и треба да се вреден сојузник во приближувањето на книгите од различни области до учениците. Работејќи заедно, наставниците и библиотекарите може да поттикнат дискусии за книги и да препорачуваат наслови за да им помогнат на учениците да станат ентузијастички читатели што размислуваат. Дојдовме до заклучокот дека постоењето на библиотеките, навистина, е вистински благослов за нашето образование. Вработените во библиотеката се стручни да им помогнат на учениците да најдат книги што одговараат на нивните интереси и нивоа на читање. Тие можат да им помогнат на наставниците да го поддржат читањето со: нудење примамливи промоции за читање и активности фокусирани на читањето, додавајќи нови наслови што ги бараат наставниците и учениците во библиотеката користејќи ги социјалните медиуми за да комуницираат и да се вклучат и учениците и наставниците што пишуваат или собираат рецензии за книги и ги објавуваат на веб-страница на библиотеката.

Горенаведеното е само мал дел од нашето истражување. Се разбира дека сето она што го кажавме, ќе претставува основа за понатамошни, подетални анализи и продлабочено истражување.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:


https://habitatbroward.org/blog/benefits-of-education/

https://www.edutopia.org/article/3-key-roles-school-librarians/

https://ils.unc.edu/~march/cacm95/mainbody.html

https://natlib.govt.nz/schools/reading-engagement/teachers-as-readers/teachers-using-the-library